Уп. Бр. 08-111/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Цертис Белхим Б.В. со регистрирано седиште на Штадсплатау 16, Поштенско сандаче 607, 3500 АП Утрехт, Холандија, и Редестос С.А. со регистрирано седиште е во Индустриската зона на Солун, Поштенско сандаче 48, 570 22 Синдос, Грција, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 13.09.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Цертис Белхим Б.В. со регистрирано седиште на Штадсплатау 16, Поштенско сандаче 607, 3500 АП Утрехт, Холандија, и Редестос С.А. со регистрирано седиште е во Индустриската зона на Солун, Поштенско сандаче 48, 570 22 Синдос, Грција, формираат целосно функционално на заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 29.07.2024 година, а дополнето на 26.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Цертис Белхим Б.В. со регистрирано седиште на Штадсплатау 16, Поштенско сандаче 607, 3500 АП Утрехт, Холандија и Редестос С.А. со регистрирано седиште е во Индустриската зона на Солун, Поштенско сандаче 48, 570 22 Синдос, Грција, со која Цертис Белхим Б.В. формираат целосно функционално на заедничко вложување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и

врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Цертис Белхим** Б.В, е под крајна контрола на Митсуи & Ко., Лтд (Mitsui & Co., Ltd.; заедно со неговите зависни друштва - „**Матсуи Група**")
Митсуи Групата е еден од најголемите корпоративни конгломерти (т.н. *keiretsu*) во Јапонија. Митсуи Групата вклучува голем број на друштва, од кои повеќето се големи, меѓународни корпорации како што е Митсуи & Ко. (Mitsui & Co.); Митсуи Хемикалс (Mitsui Chemicals); Митсуи Констракшн Ко. (Mitsui Construction Co.); Митсуи Инжинеринг енд Шипбилдинг Ко. (Mitsui Engineering and Shipbuilding Co.), Митсуи Мајнинг & Смелтинг Ко. (Mitsui Mining & Smelting Co.), итн.

Митсуи & Ко. (Mitsui & Co.) е основното друштво во Митсуи Групата и едно од најголемите друштва во Јапонија за општа трговија.

Друштвото претежно функционира како холдинг друштво на повеќе зависни и поврзани друштва, кое управува со нарачки и организира достава на индустриски, земјоделски и потрошна стока и добра.

Генерално, Митсуи Групата ги има следниве седум оперативни сегменти: минерали и метални ресурси, енергетика, машинство и инфраструктура, хемикалии, производи од железо и челик, животен стил и иновација и корпоративен развој.

Цертис Белхим Б.В е глобално друштво со седиште во Утрехт, Холандија, под самостојна контрола на Митсуи Групата. Цертис Белхим Б.В е активно во секторот заштита на растенија со фокус на одржливо земјоделство, заштита на растенија, развој на производи, регистрација и маркетинг во рамките на земјоделската индустрија. Друштвото има директно присуство, преку неговите зависни друштва, во скоро сите држави во Европа, САД и Канада и остварува продажба преку своите локални партнери во Азија, Јужна Америка, Африка и Австралија.

Во Северна Македонија, Цертис Белхим Б.В продава производи за заштита на растенија преку локални дистрибутери - трети лица или преку директни извозни продажби, и оттука има реализирано приходи во годината која завршила на 31 март 2023 година .

Во однос на регистирано присуство во Северна Македонија, Цертис Белхим Б.В е присутно само шреку КНЕ Цертис Б.В. и неговото зависно друштво во целосна соспственост КНЕ ЦЕРТИС ДООЕЛ Гевгелија, со регистрирано седиште на булевар Гевгелија бр. 16, Гевгелија.

**Редестос Групата** е активна во земјоделскиот сектор во Грција, Југоисточна Европа и Блискиот Исток. Активностите на Редестос Групата ги вклучува следниве деловни единици: заштита на растенија и одгледување, материјали за размножување на растенија, лабораториски и консултантски услуги и производство и трговија со земјоделски производи.

Редестос е активно во развојот, производството и дистрибуцијата на производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња.

Во Северна Македонија, Редестос Групата е присутна преку КНЕ Цертис Б.В. и неговото зависно друштво во целосна сопственост, КНЕ ЦЕРТИС ДООЕЛ Гевгелија,

кое е активно во трговијата на големо со производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња

Заедничкото вложување, ќе специјализира во продажба на производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња на Балканот и околните региони. Покрај продажбата, КНЕ ќе се занимава и со производство на производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња

Предложената трансакција ќе се состои од следниве клучни чекори:

(1) Цертис Белхим Б.В ќе основа Заедничко вложување со Редестос со стекнување на 30% од уделите во зависното друштво во целосна сопственост на Редестос, К. & Н. Ефтимиадис друштво со едно лице (K. & N. Efthymiadis Single Member S.A.), приватно акционерско друштво, основано според законите на Грција, чија главна канцеларија е во Индустриската зона во Солун, Поштенско сандаче 48, 570 22 Синдос, Грција, регистрирано во грчкиот Трговски регистар под број Г.Е.МИ. 058037204000 („КНЕ” или „К+Н Ефтимиадис”).

Цестис Белхим Б.В ќе го зголеми својот удел во КНЕ Цертис Б.В. (KNE Certis B.V.) до 70% и ќе спои дел од своето деловно работење со Заедничкото вложување. КНЕ Цертис Б.В. е приватно друштво со ограничена одговорност основано според холандско право, со регистрирано седиште на Штадсплатау 16, Поштенско сандаче 607, 3500 АП Утрехт, Холандија, регистрирано во холандскиот Трговски регистар (*Handelsregister*) под број 856240941 („КНЕ Цертис”). Моментално, КНЕ Цертис е во сопственост на Редестос С.А., со 69,88% удел, и Цертис Белхим Б.В, со 30,12% удел (кој му дава права на контрола).

(2) По спроведување на Предложената трансакција, Цертис Белхим има намера да ги отстапи договорите со клиентите во Северна Македонија на КНЕ Цертис, кое самостојно ќе го врши деловното работење во Северна Македонија со производи за заштита на растенија.

Како резултат на Предложената трансакција, Цертис Белхим и Редестос ќе стекнат заедничка контрола над новооснованото Заедничко вложување (кое се состои од КНЕ и КНЕ Цертис) во смисла на член 12, став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 а) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**